View metadata, citation and similar papers at core.ac.uk

brought to you by CORE

UDC: 342.7:502]:341.24(4-672ЕУ)

# ПРАВНАТА РАМКА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО ВРСКА СО ПРАВОТО НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**Вероника Газепова**
Студент на мастер студии, Правен факултет, Универзитет "Гоце Делчев"-Штип
gazepovaveronika@gmail.com
**Елена Трајковска**
Студент на мастер студии, Правен факултет, Универзитет "Гоце Делчев"-Штип
trajkovskae23@yahoo.com

**Апстракт:**

Правото на животната средина, како едно од есенцијалните фундаментални човекови права, често претставува предмет на расправа, и од аспект на неговата содржина и од аспект на неговата природа, особено во последните неколку децении. Свеста за заштита на правото на животната средина во поново време се носи на едно ново ниво, со цел остварување на истото. Во светот на науката, постојат експерти кои ваквото право го декларираат и како трета генерација на човекови права.

За климатските промени, како и заштитата на животната средина, ЕУ формулира и спроведува климатски политики и стратегии, преземајќи водечка улога во меѓународните преговори за климата. Европската Унија исто така игра една од клучните улоги во промовирањето на одржливиот развој на глобално ниво. Всушност, одржливиот развој е главна цел за ЕУ, која е посветена на „високо ниво на заштита и подобрување на квалитетот на животната средина", согласно член 3 од Договорот за Европската унија, за кое ќе се елаборира подетално во овој труд.

**Клучни зборови:** *животна средина, човекови права, ЕУ, одржлив развој, клима;*

# EUROPEAN UNION'S LEGAL FRAMEWORK REGARDLESS THE ENVIRONMENTAL LAW

**Veronika Gazepova**
Master studies, Faculty of Law, University "Goce Delcev"-Stip
gazepovaveronika@gmail.com
**Elena Trajkovska**
Master studies, Faculty of Law, University "Goce Delcev"-Stip
trajkovskae23@yahoo.com

**Abstract:**

Environmental law, as one of the essential fundamental human rights, often is a subject of a debate, in terms of its content and in terms of its nature, which happens, especially in the last few decades. The awareness for the protection of the Environmental law has recently been

brought to a new level, in order to achieve the aim. In the world of Science, there are Experts whose declare this right as the third generation of Human Rights.

For the climate changes, as well as environmental protection, the EU takes actions for formulating and implementing climate policies and strategies, taking a leading role in international climate negotiations. The European Union is also playing a key role in promoting sustainable development on a global level. In fact, sustainable development is a key goal for the EU, which is committed to a "high level of environmental protection and quality improvement" in accordance with Article 3 of the Treaty on European Union, which will be elaborated in more detail in this paper.

**Key words:** *Environment, Human Rights, EU, Sustainable development, Climate;*

### *1. Правна рамка на ЕУ во областа на животната средина*

Застапувајќи го стојалиштето дека здравата животна средина е едно од основните човекови права во светот, во борбата за издвојување на ова право како посебно, како и издвојување на посебна правна рамка со помош на која ќе може да се опфатат сите прашања поврзани со животната средина. Ставајќи го на повидок правото на животна средина, можеме да кажеме дека Европската Унија има највисоки и најквалитетно издржани стандарди во однос на екологијата кои се развиваат континуирано во последните неколку децении. Политиката која Унијата ја води е сеопфатна и со стремеж за поповолност во однос на животната средина, штитејќи ги природните ресусрси на европското тло, но и воедно, заштитувајќи го животот, здравјето и благосостојбата на луѓето кои живеат во неа.

Како правна рамка (legal framework) на правото на Унијата за животна средина се јавуваат Директива 85/337/ЕЕЗ, 97/11/ЕЗ , Директива 2001/42/ЕЗ , Директива 2003/4/ЕЗ , Директива 2004/35/ЕЗ за одговорност за штета во врска со животната средина , Регулатива 166/2006 за воспоставување на Европски регистар за испуштање и пренос на загадувачки супстанци , Препорака 2001/331/ЕЗ за минималните критериуми за инспекција во областа на животната средина. Европската Унија во својата еколошка структура ја има ратификувано и Конвенцијата за проценка на влијанието на животната средина во прекугранichен контекст со помош на која се утврдуваат обврските на државите во случај на повреда на животната средина.

Главните приоритети на ЕУ од оваа област се дефинирани во неколку специфични одредби како членот 11 од Договорот за ЕУ (ДЕУ) со кој се предвидува дека Унијата треба да работи во насока на развојот на Европа кој би се засновало на врамнотежен економски раст и стабилност на цените, меѓу другото и високо ниво на заштита и унапредување на квалитетот на животната средина. Покрај оваа одредба, од особено значење е и одредбата од членот 191 од Договорот за функционирање на ЕУ (ДФЕУ) со која се утврдува дека Унијата треба да даде допринос во заштита, подобрување и зачувување на квалитетот на животната средина и здравјето на луѓето.

Решавањето на прашањата поврзани со оваа област се доделени на неколку институции на Унијата како Европскиот Парламент, Советот на ЕУ, Европската комисија, Европската централна банка и Судот на правдата на ЕУ. Во рамки на Парламентот функционира политичка група позната како „European Green Party"[1] чијашто цел е придонесување кон формирање на европската свест, како и можноста за изразување на политичката волја на граѓаните на Европската унија. Во 2004 година, кога за првпат беа формирани the European Green Party, како нова политичка партија се фокусираа на тогашните избори во Европскиот парламент, да се постигне нивната замислена цел, т.е да станат полноправна политичка партија во рамките на обединета Европа, што ќе се погрижат за остварување на т.н. кон "Зелена трансформација на Европа" и нејзината економија, што ќе донесе прогресивна и одржлива иднина за сите свои граѓани. Освен оваа политичка партија, од есенцијално значење за утврдување на политиките и активностите во областа на животната средина е Директоратот за животната средина[2] во рамки на Комисијата со помош на кој се обезбедуваат значајни проекти за развој и унапредување на средината, што им помага на земјите да дизајнираат и имплементираат ефективни политики за решавање на проблемите со животната средина и одржливо управување со природните ресурси. Овие проекти дополнително се инвестирани од страна на Европската централна банка[3] се со цел успешно спроведување на истите. Од суштинско значење овде е и да се напомене праксата на Европскиот суд на правдата, како институција на ЕУ и Европскиот суд за човекови права при Советот на Европа кои ја претставуваат базата за заштита на човековите права, а во последните децении се зголемува и бројот на пресуди од областа на животната средина, за која постои тенденција да се издвои како посебно право во Европската Конвенција за човекови права и основни слободи, која е под мониторниг од ЕСЧП.

Кога се зборува за политиките на ЕУ кон еколошкото право општо, и за одлуките од различни области на животната средина посебно, можеме да кажеме дека во последните триесет години, ЕУ усвои разновидни мерки на заштита и подобрување на состојбите и квалитетот на животната средина, поаѓајќи од предметот на заштита. Знаеме дека животната средина е збир на природните елементи вода, воздух, почва неопходни за живот на планетата Земја. Сите тие елементи се подложни на загадување од страна на човекот.

[1] Повеќе на: https://europeangreens.eu/organisation (Пристапено на 11.08.2020 год.)

[2] За повеќе информации во врска со работата и активностите на Директоратот за животна средина во рамки на Европската комисија https://ec.europa.eu/dgs/environment/index_en.htm (Пристапено на 19.06.2020 година)

[3] Европската централна банка е (ЕЦБ) претставува централна банка на сите 19 земји членки на ЕУ кои го имаат усвоено еврото како валута. Исто функционира и како 'Single Supervisory Mechanism' за извршување на банкарски надзор. Повеќе можете да видите на https://www.ecb.europa.eu/home/html/index.en.html (Пристапено на 02.08.2020 год.)

Енормното загадување настанато како резултат на индустријализацијата, и наметна неопходна правна рамка на ЕУ. Во опсегот на правната легислатива од аспект на екологијата донесени на европско ниво припаѓаат низа директиви, уредби и препораки кои мораат да бидат споменати.

Опстојувањето на квалитетот на животната средина, е клучно прашање за здравјето на луѓето и економијата. Сепак, колку тоа и да биде лесно напишано на хартија, во пракса, целата таа постапка претставува предизвик на европските институции што нанесува сериозни предизвици, како што се климатските промени, разни форми на загадување и неодржливата потрошувачка. За климатските промени, Европската Унија создава низа стратегии формулирајќи го начинот на нивното спроведување, превземајќи водечка улога во водењето на преговори за климата на меѓународната сцена. Тоа е правно издржано преку Парискиот Договор кој има за цел преземање на напори во борба против климатските промени, посебно за земјите во развој[4] Водечките политики за животната средина на ЕУ се засновуваат на членовите 11 и 191-193 од Договорот за функционирање на ЕУ[5].

Европската Унија развивајќи ги еколошките стандарди, а во поглед на спроведување на истите е и создавањето на ЕУ Еколабел[6] што претставува ознака за квалитет на животната средина на производите и услугите кои ги исполнуваат екостандардите. Создадена во 1992 година, претставува етикета на извонредност во животната средина која се доделува на производите и услугите што ги исполнуваат високите еколошки стандарди во текот на нивниот животен циклус, почнувајќи од екстракција на суровини, па се до производство, дистрибуција и депонирање. Функционирањето на ЕУ Еколабел е поставено преку развивање критериуми, со што производите се фокусираат на фазите каде производот има најголемо влијание врз животната средина и тоа се разликува од производ до производ. Критериумите, кои инаку се специфично определени за производот гарантираат дека, всушност било кој производ со ЕУ Ecolabel е со добар квалитет и високи перформанси. Развивањето на критериумите е процес, со можна импликација на засегнатите страни преку два чекори, и тоа со предлог на група нови прозиводи, т.е услуги, и предлог за водење на самиот процес на ревизијата или развојот на критериумите при создавањето на конкретната група на прозиводи или услуги.

---

[4] Парискиот договор е договор во рамките "United Nations Framework Convention on Climate Change", што се однесува на ублажување, адаптација и финансирање на емисиите на стакленички гасови, адаптација и финансии, потпишан во 2016 година. За повеќе информации околу Парискиот Договор може да погледнете на https://ec.europa.eu/clima/policies/international/negotiations/paris_en#tab-0-0 (Пристапено на 16.06.2020 год.)

[5] Договорот за функционирање на ЕУ е консолидиран во Лисабонскиот договор.

[6] ЕУ Еколабел е призната во Европа и во светот. Основана е во 1992 година и нејзината цел е да ги охрабрува производителите да создаваат еко прозиводи. Повеќе информации на: https://ec.europa.eu/environment/ecolabel/index_en.htm (Пристапено на 02.08.2020 год.)

***2.Сегашна состојба***

Како една од најзначајните институции на Европската Унија во поглед на заштитата на животната средина е Советот на ЕУ во конфигурација на министри за животна средина[7] (The Environment Council configuration) кој е одговорен за политиката на животната средина на ЕУ, заштитата на животната средина, начинот на користење на природните ресурси, како и заштитата на здравјето и благосостојбата на граѓаните на земјите-членки на ЕУ. Освен овие прашања, Советот се занимава и со меѓународните еколошки проблеми од аспект на климатските промени. Овој Совет е составен од страна на министри одговорни за прашањата и проблематиката кои се однесуваат за животната средина. За време на состаноците, на Советот на ЕУ во конфигурација на министрите за животна средина, истиот е претставен од страна на комесарот за животна средина и комесарот за климатски активности. На годишно ниво, Советот се состанува четири пати, и одлучува со квалификувано мнозинство. Министрите кои донесуваат одлуки со заедничка согласност за политиката за која е предвидено спроведување во рамките на Европската Унија.

Советот на ЕУ во конфигурација на министрите за животна средина, на 11 декември 2019 година, го претстави новиот проект, кој воедно претставува патоказ за стабилизирање на економијата во рамките на ЕУ, со цел сите предизвици од аспект на климатските и еколошките предизвици да се претворат во можности. Така, последователно, самата идеја се остваруваше во реалност, со што вотековната 2020 година постигна големи резултати во однос на заштитата на животната средина. Имено, се постигна т.н. European Green Deal[8]. Имено, European Green Deal има за цел да Европа да биде првиот светски неутрален климатски континент до 2050 година. Глобалните предизвици на климатските промени бараат глобален одговор, па со тоа ЕУ има намера да ги промовира своите цели на животната средина и да ја зајакне својата зелена дипломатија, бидејќи климатските промени и деградацијата на животната средина претставуваат егзистенцијална закана, како за Европа, така и во светот. Затоа, со претставувањето на European Green Deal, ќе се надминат предизвиците, а неспорно е дека на Европа и претходеше нова стратегија за развој што ќе ја трансформира Унијата во модерна, ефикасна ресурси и конкурентна економија каде нема нето-емисии на стакленички гасови до 2050 година. Повеќе од јасно е дека, европската иднина зависи од здрава планета, и тоа не може да

[7] За повеќе информации околу Советот на ЕУ во конфигурација на министри за животна средина може да погледнете на: https://www.consilium.europa.eu/en/council-eu/configurations/env/. (Пристапено на 03.08.2020 год.)

[8] За повеќе информации околу European Green Deal и European Climate Law може да погледнете на https://ec.europa.eu/clima/policies/eu-climate action/law_en#:~:text=With%20the%20European%20Climate%20Law,greenhouse%20gas%20emissions%20by%202050.&text=By%20September%202023%2C%20and%20every,and%20the%202030%2D2050%20trajectory. (Пристапено на 18.06.2020 год.)

се постигне, доколку не се преземат низа мерки, бидејќи предизвиците од минатото, а и тековните опасности во врска со животната средина и климата бараат брз, правилен и амбициозен одговор. Така, Европската унија се обврза да се постигне "неутралност" на климата до 2050 година. За донесувањето на Европското климатско право (European Climate Law), Комисијата предложи постигнување на законска обврзувачка цел на нето нулта емисија за стаклените гасови до 2050 година, така што до септември 2023 година, а и последователно на секои наредни 5 години, Комисијата ќе ја проценува доследноста на мерките на Европската Унија со цел за одржување на климатската неутралност во периодот од 2030 година до 2050 година.

Со European Green Deal е предвидено до јуни 2021 година, Комисијата да ги разгледа сите потребни инструменти, и доколку е потребно, да направи ревизија во контекст на истите за усогласување на дополнителни намалувања на емисиите за 2030 година. Со ваквиот Договор се нагласува потребата за поставување на холистички пристап од аспект на соединување на сите активности и политики на ЕУ кои позитивно ќе влијаат врз нејзините поставени цели.

Како би се остварила долгорочната стратегија за развој на ниските емисии на стакленичките гасови на Европската Унија и нејзините земји членки, потребна е посветеност од страна на ЕУ кон Парискиот Договор и неговите долгорочни цели. Главните цели на Парискиот договор се: зајакнување на глобалната заштита од заканата за климатски промени (чл.2), потоа договорот овозможува зајакнување на соработката меѓу државите во насока на справување од влијанијата на климатските промени преку постоење на соодветен финансиски надомест, воведување нова технологија, како и голема поддршка на земјите во развој (чл.6). Меѓу главните приоритети на овој договор се и ублажување на состојбите (чл.4), справување со миграцијата, процес на адаптација и зајакнување на адаптивен капацитет (чл.7), поддршка за градење капацитети (чл.11)[9] итн. ЕУ се стави во улога на инспирирање на глобално ниво од аспект на климатското дејствување во светски рамки и да докаже дека движењето кон неутралноста на климата не е само идеја ставена на хартија, туку е пожелно и можно. Унијата е концентрирана на квалитетот на воздухот, имајќи во предвид дека последните неколку години состојбта во некои земји се влошува, како и квалитетот на водата[10]. Проблемите со квалитетот на воздухот продолжуваат и понатаму, затоа што значителен дел од европските граѓани живеат во градови и населени места каде има висока концентрација на ПМ честичките, азот диоксид,

[9] Види повеќе на https://unfccc.int/process-and-meetings/the-paris-agreement/what-is-the-paris-agreement (Пристапено на 03.08.2020 год.)

[10] По овие прашања е одржана конференција во рамките на Претседателство на Хрватска на Советот на ЕУ, 2020 година. Остварена е и јавна сесија по засегнатите проблеми, што може да се погледне на следниот линк https://video.consilium.europa.eu/en/webcast/7e86ef4c-00fe-47d8-aec8-60e491e1cb85 (Пристапено на 18.06.2020 год.)

и загадување на озон[11], кои што претставуваат сериозни здравствени ризици кај поголемата популација која остава долготрајни последици.

Загадувањето на воздухот е најважна еколошка причина за здравствените проблеми, бидејќи се проценува дека повеќе од 400.000 смртни случаи[12] се резултат на загадувањето на воздухот во Европа на годишно ниво. Загадувањето на воздухот[13] е со дејство на локално, паневропско или хемисверско ниво, затоа што загадувачите на воздухот ослободувајќи се во една земја, можат да резултираат со намалување на квалитетот во друга држава. Што се однесува до квалитетот на водите во Европа се опфатени неколку директиви.[14] Остварувањето на целта здрава Планета, кон која се стреми Европската Унија, би повлекло трансформација на економското општество и економија, која истата треба да биде правична, економска, и се разбира, социјално избалансирана.

Како главен лидер на глобално ниво, може со сигурност да се потврди дека Европа се труди да ги создаде најголемите чекори во светот за заштита на околината и заштита на правото на здрава животна средина. Со оглед на фактот дека постојат глобални проблеми како што се тоните токсичен отпад, намалување на рибните фондови, ефектот на стаклена градина, загаденоста на водите, Европа ја зајакнува својата еколошка политика како на регионално, така и на национално ниво. За тоа сведочи и создавањето на Протоколот од Кјото[15] со помош на кој се регулираат гасовите во однос на зачувување на животната средина.

***Заклучок***

Во насока на подобрување на сегашната состојба во која Европа се наоѓа, земјите-членки на ЕУ треба да изнајдат нови иновативни начини за справување со предизвиците на 21 век. Иако политиките што се водат, се во насока на покажување на одлични резултати, сепак од суштинско значење е создавање на начини како нов животен стил, нов начин на создавање енергија со помош на кои ќе се влијае врз заштита на животната средина. Одржувањето на животната средина во Европа е клучен момент, а иднината и благосостојбата на

[11] Споменатите загадувачи се препознаваат како три најголеми загадувачи одговорни за загадување на воздухот кои најзначиелно влијаат врз здравјето на луѓето.

[12] Дополнителни информации за статистичките податоци достапни на https://www.eea.europa.eu/publications/air-quality-in-europe-2019 (Пристапено на 18.06.2020 год.)

[13] Под капата на European Environment Agency е изработен Европски индекс за квалитетот на воздухот (European Air Quality Index), кој според приложениот линк може да се провери квалитетот на воздухот во 31 земја на европското тло. Линк: https://www.eea.europa.eu/themes/air/air-quality-index/index (Пристапено на 18.06.2020 год.)

[14] За повеќе информации во однос на квалитетот на водата можат да се најдат во следниве директиви, и тоа The Water Framework Directive, The Environmental Quality Standards Directive, and The Groundwater Directive and The Floods Directive

[15] Пристап до целиот текст на Протоколот од Кјото https://unfccc.int/resource/docs/convkp/kpeng.pdf (Пристапено на 09.07.2020)

сите граѓани зависи од неа. Потребна е ангажираност и внесување на промени во однос на спроведување на правната рамка од страна на државите-членки и државите претенденти за влез во ЕУ на долгорочно ниво. За тоа, секако е потребна конзинстента посветеност од страна на сите политички актери кои би придонеле за постигнување на долгорочен ефект врз животната средина и животот и здравјето на граѓаните како во рамките на Европската Унија, така и надвор од нејзините граници. Заштитата и зачувувањето на животната средина е одговорност која ни припаѓа нам, затоа што секое право повлекува и одговорност.

***Библиографија:***

1. Maastricht Treaty (1992), достапен на: https://europa.eu/european-union/sites/europaeu/files/docs/body/treaty_on_european_union_en.pdf , Пристапено на 05.07.2020
2. Treaty of Nice (2001), достапен на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX:12001C/TXT, пристапено на 05.07.2020
3. Treaty of Lisbon (2007), достапен на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=OJ:C:2007:306:TOC, пристапено на 05.07.2020
4. Directive 2003/35/EC of the European Parliament and of the Council, достапна на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/HR/TXT/PDF/?uri=CELEX:32003L0035&from=en (Пристапено на 19.06.2020 год.)
5. Directive 2001/42/EC of the European Parliament and of the Council of 27 June 2001, достапна на https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/ALL/?uri=CELEX%3A32001L0042 (Пристапено на 19.06.2020 год.)
6. Directive 2003/4/EC of the European Parliament and of the Council of 28 January 2003. Види повеќе на https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2003/4/oj (Пристапено на 19.06.2020 год.)
7. Directive 2004/35/CE of the European Parliament and of the Council of 21 April 2004 on environmental liability with regard to the prevention and remedying of environmental damage (OJ L 143, 30.4.2004, p. 56–75). Види повеќе на https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex%3A32004L0035 (Пристапено на 19.06.2020 год.)
8. Regulation (EC) No 166/2006 of the European Parliament and of the Council of 18 January 2006 concerning the establishment of a European Pollutant Release and Transfer Register and amending Council Directives 91/689/EEC and 96/61/EC ( OJ L 33, 4.2.2006, p. 1–17). Види повеќе на https://eur-lex.europa.eu/legal-content/HR/TXT/?uri=CELEX:32006R0166 (Пристапено на 20.06.2020 год.)
9. Recommendation of the European Parliament and of the Council of 4 April 2001 providing for minimum criteria for environmental inspections in the Member States(2001/331/EC). Види повеќе на https://eur-lex.europa.eu/legal-content/

EN/ALL/?uri=CELEX:32001H0331 (Пристапено на 19.06.2020 год.)
10. Convention on Environmental Impact Assessment in Transboundary Context (Espoo, 1991), достапен на https://www.unece.org/fileadmin/DAM/env/eia/documents/legaltexts/Espoo_Convention_authentic_ENG.pdf (Пристапено на 09.07.2020 год.)
11. За повеќе информации околу Парискиот Договор може да погледнете на https://ec.europa.eu/clima/policies/international/negotiations/paris_en#tab-0-0 (Пристапено на 16.06.2020 год.)
12. Протоколот од Кјото https://unfccc.int/resource/docs/convkp/kpeng.pdf (Пристапено на 09.07.2020)